# Деловна политика и Развоен план на ТТК БАНКА АД Скопје за период 2020 – 2022 година

# Мисија на Банката

- Мисијата како однапред определен патоказ за развој на стратегиите за управување со работењето на Банката ги содржи долгорочните цели и деловната филозофија на Банката.

- ТТК Банка е универзална банка, партнер за малите и средни претпријатија во Македонија, која креира вредности за своите акционери, клиенти и вработени, со помош на претприемачкиот и профитабилниот начин на размислување, оперативната ефикасност и градењето на долгорочно партнерство. Вредностите кои имаат посебно место во секојдневното работење и секојдневно се негуваат се довербата, одговорноста и тимската работа.

# Очекувани макроекономски услови за 2020 година

- Глобално окружување
  - Најновите оцени на меѓународните организации упатуваат на понеповолно глобално окружување во споредба со октомвриските проекции, при што се извршени надолни ревизии на глобалниот економски раст, особено за 2020 година. Една од главните причини за надолната ревизија претставува избивањето на новата вирусна инфекција ковид-19 во Кина на почетокот од годината и нејзиното пренесување во голем број други земји, што предизвика не само нарушување на економската активност во Кина, туку и нарушување на глобалните синџири на снабдување, транспортниот сектор, финансиските пазари и довербата на економските субјекти во глобални рамки. Притоа, ризиците околу проекциите за растот и натаму се претежно надолни. На краток рок, како главен ризик се наведува можноста новата вирусна инфекција да има подолготрајни и посилни негативни ефекти врз глобалната економија од тековните оцени.



Извор: Народна банка на Република Северна Македонија (Квартален извештај, март 2020)

ТТК БАНКА

# Очекувани макроекономски услови за 2020 година (2)

- Макроекономско окружување
  - Согласно со објавените проценети податоци за БДП, економската активност во последниот квартал на 2019 година оствари годишен раст од 3,4%, што е над проектираниот раст во октомвриските проекции (2,9%). Гледано за целата 2019 година, реалниот раст на економијата е во согласност со очекувањата од октомври и изнесува 3,6% (проектирана стапка на раст од 3,5%).
- Банкарски сектор
  - На годишна основа, вкупните депозити во јануари се повисоки за 8,8%, во најголем дел како резултат на растот на депозитите на домаќинствата, односно на депозитите во домашна валута (вклучително и депозитните пари). Годишниот раст на депозитите во јануари засега е под проектираниот за првиот квартал од 2020 година (9,9%).
  - На годишна основа, вкупните кредити во јануари се повисоки за 6,8%, при што растот во поголем дел е резултат на кредитите на домаќинствата, при позитивен придонес и на кредитите на претпријатијата. Годишниот раст на кредитите во јануари е над проектираниот за првиот квартал од годината (5,5%), согласно со октомвриската проекција.



Извор: Народна банка на Република Северна Македонија (Квартален извештај, март 2020)

ТТК БАНКА

# Стратегиски цели на ТТК Банка АД Скопје за 2020 година

- Континуирано и навремено усогласување на своето работење со:
  - законската регулатива и мерките на монетарната власт.
  - супервизорските стандарди и основните начела и принципи на корпоративно управување.
  - целосно практикување на основните банкарски принципи, користејќи примери од најдобри банкарски пракси.
- Остварување на профитабилно работење преку:
  - развој на флексибилни деловни практики кои овозможуваат одржливост во пазарната конкуренција.
  - претпазливо преземање прифатливи ризици.
  - оптимизација на ресурсите и трошоците со континуирано јакнење на ефикасноста, економичноста и продуктивноста во работењето.
- Јакнење на позицијата во банкарскиот сектор во РСМ преку:
  - одржување на пазарното учество во клучните сегменти.
  - континуиран умерен раст на вкупната актива.
  - одржување на финансиската и капиталната стабилност соодветно на развојните цели преку оптимални големини на капиталот, изворите на финансирање, ризично пондерирана актива и тековна ликвидност.

# Основни приоритетни цели на Банката за 2020 година

- Одржување на адекватноста на капиталот на потребното ниво во рамки на екстерно и интерно пропишаните лимити.
- Одржување на стабилна ликвидносна позиција и структурна ликвидносна усогласеност, во рамки на пропишаните регулаторни и интерни лимити.
- Зајакнување на кредитно депозитните активности со цел одржување и зајакнување на пазарното учество во банкарскиот сектор на Република Македонија, со истовремено зајакнување на активностите и во другите клучни сегменти.
- Одржување на квалитетот на кредитното портфолио и намалување на учеството на нефункционалните кредити во вкупното кредитно портфолио на Банката.
- Одржување и зголемување на постојните извори на финансирање преку зголемување на уделот на штедењето и уделот на кредитни линии.
- Зголемување на уделот на работа со населението во вкупните активности на Банката и задржување на фокусот за работа со МСП.
- Фокус на развој и обезбедување на широка понуда на производи и услуги на малите и средни претпријатија („МСП“) и населението и подршка на развој на услуги од областа на електронско и самоуслужно банкарство.
- Подобрување на организацијата на работење, унапредување на деловните процеси, надградување на знаењето и вештините на вработените, зајакнување на стручноста и способностите во управувањето со процесите и во контролите и следењето на степенот на остварување на резултатите и поставените цели.
- Надградба на информатичката технологија во правец на унапредување и поддршката на деловните процеси, реализација и следење на планските цели и поефикасно следење на потребите на клиентите и нивното брзо и квалитетно опслужување.



ТТК БАНКА

# Среднорочна стратегија на Банката за период од 2020 – 2022

- Одржување и зајакнување на позицијата во банкарскиот сектор на РСМ преку континуиран годишен раст на вкупната актива во наредниот среднорочен период.
- Одржување и зајакнување на пазарното учество со одржување или зголемување на учеството на Банката во банкарскиот сектор во клучните сегменти.
- Зајакнување на финансиската и капитална стабилност соодветно на развојните цели за раст.
- Континуирано и навремено усогласување на своето работење со законската регулатива и мерките на монетарната власт.
- Остварување на профитабилно работење кое ќе се реализра со развој на флексибилни деловни практики кои овозможуваат одржливост во пазарната конкуренција, со превземање на прифатливи ризици, со оптимизација на ресурсите и трошоците, како и со контунирано јакнење на ефикасноста, економичноста и продуктивноста во работењето.

- Клучните финансиски индикатори кои Банката со своето работење ќе се стреми да ги оствари во периодот кој следи се:
  - Стапка на поврат на капиталот (ROE) да достигне до 11,4% до 2022 година.
  - Одржување на стапката на адекватност на капитал над 14,75%.
  - Пораст на коефициентот за покриеност на кредитите со депозити (Loan to deposit ratio) од 75% во 2020 до 79% во 2022 година.

# План за Биланс на состојба
# 2020 – 2022 година

Проекциите на Билансот на состојба и успех се согласно првичните согледувања за последиците што ќе ги предизвика светката пандемија предизвикана од вирусот Ковид 19, која се наоѓа во нагорна фаза во Република Северна Македонија во моментот на објавување на овие податоци.

| | Реализирано | План за 2020-2022 | | | Просечен раст |
|---|---|---|---|---|---|
| во илјади денари | дек.19 | дек.20 | дек.21 | дек.22 | 2020 - 2022 |
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ | 2.041.327 | 2.020.034 | 2.023.162 | 1.973.040 | -1,1% |
| ВЛОЖУВАЊЕ ВО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ И СРЕДСТВА ЗА ТРГУВАЊЕ | 1.334.039 | 1.445.587 | 1.497.821 | 1.550.787 | 5,1% |
| НЕТО КРЕДИТИ НА КЛИЕНТИ | 5.107.178 | 5.247.976 | 5.642.727 | 6.025.664 | 5,7% |
| ОСНОВНИ СРЕДСТВА | 216.886 | 215.057 | 208.281 | 199.974 | -2,7% |
| ОСТАНАТА АКТИВА | 137.775 | 20.917 | 22.580 | 21.750 | -46,0% |
| **ВКУПНА АКТИВА** | **8.837.204** | **8.949.572** | **9.394.571** | **9.771.214** | **3,4%** |
| ДЕПОЗИТИ ВКУПНО | 7.134.110 | 7.314.096 | 7.606.006 | 7.940.401 | 3,6% |
| ОБВРСКИ ЗА КРЕДИТИ | 384.235 | 276.427 | 366.812 | 386.812 | 0,2% |
| СУБОРДИНИРАНИ ОБВРСКИ | 93.201 | 186.723 | 186.741 | 186.738 | 26,1% |
| ОСТАНАТИ ОБВРСКИ | 98.241 | 82.410 | 79.966 | 80.892 | -6,3% |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ** | **7.709.788** | **7.859.655** | **8.239.524** | **8.594.843** | **3,7%** |
| **КАПИТАЛ** | **1.127.417** | **1.089.916** | **1.155.047** | **1.176.372** | **1,4%** |
| **ВКУПНА ПАСИВА** | **8.837.204** | **8.949.572** | **9.394.571** | **9.771.215** | **3,4%** |



ТТК БАНКА

# План за Биланс на успех
# 2020 – 2022 година

| во илјади денари | Реализирано дек.19 | План за 2020-2022 дек.20 | дек.21 | дек.22 | Просечен раст 2020 - 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| НЕТО ПРИХОДИ ОД КАМАТИ | 268.129 | 279.409 | 305.688 | 322.588 | 6,4% |
| НЕТО ПРИХОДИ ОД ПРОВИЗИИ | 139.365 | 139.396 | 176.533 | 192.066 | 11,3% |
| НЕТО ПРИХОДИ ОД КУРСНИ РАЗЛИКИ | 8.054 | 8.281 | 8.513 | 8.751 | 2,8% |
| НЕТО-ПРИХОДИ ОД ТРГУВАЊЕ ОД СРЕДСТВАТА И ОБВРСКИТЕ ЗА ТРГУВАЊЕ | 16.551 | -1.150 | 13.000 | 16.550 | 0,0% |
| ОСТАНАТИ ПРИХОДИ ОД ДЕЈНОСТА | 79.613 | 70.699 | 36.900 | 29.900 | -27,9% |
| **ОПЕРАТИВЕН ПРИХОД** | **511.712** | **496.634** | **540.633** | **569.855** | **3,7%** |
| **ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ** | **-327.279** | **-332.593** | **-352.164** | **-367.189** | **3,9%** |
| **НЕТО ОПЕРАТИВЕН ПРИХОД** | **184.432** | **164.042** | **188.470** | **202.666** | **3,2%** |
| ИСПРАВКА НА ВРЕДНОСТ НА НЕФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА, НА НЕТО ОСНОВА | -1.724 | -272 | -500 | -850 | -21,0% |
| ИСПРАВКА НА ВРЕДНОСТ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА, НА НЕТО ОСНОВА | -61.787 | -95.000 | -61.000 | -64.000 | 1,2% |
| ДАНОК ОД ДОБИВКА | -12.553 | -6.517 | -12.337 | -13.422 | 2,3% |
| **ДОБИВКА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ** | **108.369** | **62.253** | **114.633** | **124.395** | **4,7%** |